Република Северна Македонија
**Министерство за локална самоуправа**

Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
MINISTRIA E VETËQEVERISJES LOKALE
Бр.-Nr. 05-758/1
30.03 2020 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 77 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19) и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) Министерот за локална самоуправа ја донесе следната одлука:

# **ОДЛУКА**
## **за јавна набавка**

1. Се утврдува потреба за доделување на договор за јавна набавка на монтажни контејнери за потребите на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој" (I фаза од проектот) во случај на вонредна ситуација во државата за справување со КОВИД 19 согласно Информацијата на Влада со број 02-749/1 од 27.03.2020 година.

2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат 14.473.576,00 денари без ДДВ.
3. Договорот за јавна набавка да се додели со спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас согласно со член 55 став 1 точка г) и член 55 став 6 од Законот за јавни набавки.

4. Постапката да се спроведе без користење на електронски средства.

5. Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка.

6. За целосна реализација на постапката на доделување на договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка во состав од претседател и 2 члена и тоа:

Александар Мишев, МЛС– претседател;

Божин Ложаноски, Министерство за здравство– член;
Мирјана Македонска , СДЦ – член;

Димитар Ванчов, МЛС -заменик претседател;

Сања Спасова, Министерство за здравство – заменик член;

Марија Караева – СДЦ – заменик член;

7. За реализирање на оваа постапка нема да се ангажираат надворешни стручни лица.

8. Се задолжува комисијата од точка 6 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од член 79 од Законот за јавните набавки.

9. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

## Образложение

За потребите на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој - I фаза на спроведување" а согласно Договорот број. 02-2413/1 од 20.12.2017 помеѓу Владата на Република Северна Македонија претставувана од Министерството за локална самоуправа и Владата на Швајцарската Конфедерација претставувана од Федералниот департмент за надворешни работи дејствувајќи преку Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/ Швајцарска агенција за развој предвидено да се спроведе Грантова шема за инвестициски проекти од областа на социјалната инклузија. Согласно настанатата вонредна состојба во Република Северна Македонија а воедно и прогласената пандемија од COVID-19 вирусот на светски рамки Министерството за локална самоуправа и Швајцарската агенција за развој и соработка преку Проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој" ќе го поддржат Министерството за здравство со набавка на стоки кои им се неопходни во моментов.

Имено, поради важноста на оваа состојба и замавот што го зема COVID-19 вирусот, дел од средствата кои беа наменети за грантова шема за инвестициски проекти од областа на социјалната инклузија бирани на партиципативен начин преку регионални форуми во осумте плански региони во висина до 260.000 CHF од вкупно 1.131.000 CHF ќе бидат насочени за набавка на монтажни котејнери.

Важно е да се обезбеди набавка на монтажни контејнери што би се ставиле на располагање на Инфективната Клиника, неопходни за полесно справување со епидемијата со КОВИД19. По завршување на потребата за нивно користење од страна на Министрството за здравство истите ќе бидат дислоцирани со Одлука на Министерството за локална самоуправа. Објектите ќе бидат поставени во руралните подрачја, во секој регион, поради недостатокот и лошата состојба на постојните медицински објекти. Одлуката за поставување на овие објекти ќе биде донесена на партицпативен начин во координација со Министерството за здравство, Советот за развој на планските региони и граѓаните.

Постапката е делива на два дела: 1) набавка на монтажни контејнери и 2) монтажен топол ходник. Првиот дел економските оператори може да го поделат на составни делови согласно преговорите. Комисијата ќе го утврди начинот на кој ќе бидат поделени составните делови за време на преговорите.

МИНИСТЕР ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
м-р. Горан Милевски

Република Северна Македонија
**Министерство за локална самоуправа**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
MINISTRIA E VETËQEVERISJES LOKALE
Бр.-Nr. 05-758/6
03.04 2020 год.-viti
Скопје-Shkup

ДО: ____________________

ПРЕДМЕТ: Покана за поднесување понуда за јавна набавка на **монтажни контејнери опрема за потребите на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој" (I фаза од проектот) со постапка со преговарање без објавување оглас од причини од крајна итност**

Почитувани,

Министерство за локална самоуправа, со адреса бул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје, и електронска пошта info@mls.gov.mk, има потреба од јавна набавка на **монтажни контејнери опрема за потребите на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој" (I фаза од проектот) со постапка со преговарање без објавување оглас од причини од крајна итност**. За таа цел, Министерство за локална самоуправа спроведува постапка со преговарање без објавување на оглас согласно со член 55 став 1 точка г) од Законот за јавните набавки. Ве молиме да ни доставите првична понуда електронски потпишана за горенаведениот предмет на договорот за јавна набавка во согласност со приложената техничка спецификација најдоцна до 31.03.2020 година до 12:00 часот следната меил адреса: alekmishev@gmail.com. Доколку не поседувате електронски потпис, понудите доставете ги на следната адреса: Св. Кирил и Методиј 54, архива на Министерство за локална самоуправа, најдоцна пристигнати до 31.03.2020 до 12:00 часот.

Ве молиме при изготвување на Вашата понуда да ги користите оригиналните обрасци кои се составен дел на тендерската документација.

Молиме, во понудата да наведете и лице кое во име на понудувачот ќе учествува во преговорите за реализација на набавката (име и презиме, контакт телефон).

Однапред благодариме на соработката.

**Претседател**
**на комисијата за јавни набавки**
**Александар Мишев**

Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

**ПОСТАПКА СО**
**ПРЕГОВАРАЊЕ БЕЗ ПРЕТХОДНО ОБЈАВУВАЊЕ НА ОГЛАС ЗА**

за јавна набавка на

**монтажни контејнери опрема за потребите на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“ (I фаза од проектот) со постапка со преговарање без објавување оглас од причини од крајна итност**

**ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**Скопје, март 2020 година**


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

**ПРИЛОГ 1**

## 1.Општи информации во врска со договорниот орган и предметот на набавка

1.1 Договорен орган е Министерство за локална самоуправа, со адреса булевар Св. Кирил и Методиј бр.54, телефон за контакт 3 2539 21, електронска адреса info@mls.gov.mk, контакт лице Александар Мишев, мобилен за контакт 078 370 611.
1.2 Предмет на договорот за јавна набавка е јавна набавка на **монтажни контејнери опрема за потребите на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој "(I фаза од проектот) со постапка со преговарање без објавување оглас од причини од крајна итност.**

1.3 Предметот на договорот е делив на два дела: **дел 1 Изработка, транспорт и монтажа на монтажен објект и Дел 2 – Топол ходник. Максимална вредност на предметот на јавната набавка вклучително за двата дела изнесува 14.473.567,00 денари без ДДВ. Проектот е ослободен од ДДВ, за што ќе биде доставена дополнителна документација до економскиот оператор избран за најповолен.**

1.3.1 При поднесување на понуда економските оператори како максимален рок за изведба (целосна реализација) може да понудат 21 ден. Понудите кои ќе содржат рок на изведба кои ќе содржат поголем рок за изведба нема да бидат земени во предвид поради интоста на постапката (безбедноста и здравјето на граѓаните).
**1.3.2 Задолжителни елементи на понудата се цената без ДДВ и рокот за изведба.**
1.4 Договорниот орган ќе склучи договор за предметната набавка со носителот на набавката со времетраење до завршување на пандемијата Ковид 19 во Република Северна Македонија.

1.5 Техничка спецификација на набавката: **монтажни контејнери опрема за потребите на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој" (I фаза од проектот) со постапка со преговарање без објавување оглас од причини од крајна итност.**

1.6 Договорот за јавна набавка ќе се додели со примена на постапка со преговарање без претходно објавување на оглас согласно со член 55 став 1 точка г) од Законот за јавните набавки.
1.7 Оваа постапка се спроведува согласно со Законот за јавните набавки и донесените подзаконски акти.

## 2. Елементи на понуда

2.1 Понудата треба да е составена од следниве елементи:
- Образец на понуда (Прилог 2),
- Документ за регистрирана дејност,
- Изјава за сериозност на понудата (Прилог 3),

**2.2 Критериуми за утврдување на способност**

2.2.1. Економскиот оператор треба да е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или да припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

**2.3 Начин на докажување на способноста на понудувачот**

2.3.1 За докажување на способноста за вршење на професионалната дејност, понудувачот треба да достави со својата понуда документ за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

**3. Критериум за избор на најповолна понуда**

Договорниот орган како критериум за избор на најповолна понуда ќе ја користи **економски најповолната понуда врз основа на цената.**

3.1 Цена на понудата

3.1.1 Во цената на понудата треба да се засметани сите трошоци и попусти на вкупната цена на понудата, без ДДВ кој се искажува посебно, во денари.

3.2 Корекција на цени

3.2.1 При реализација на договорот за јавна набавка не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

**4. Начин и рок на плаќање, рок на испорака и важност на понуди**

**4.1** Се предвидува следниов начин на плаќање:

**- 100 % по целосна реализација на Договорот за јавна набавка.**

**Плаќањето ќе се изврши по претходен извештај од надзорен орган ангажиран од страна на Министерство за локална самоуправа преку проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“.**

**4.2 Рок за реализирање на набавката**

Договорниот орган со носителот на набавката ќе склучи договор за предметната набавка со носителот на набавката со времетраење до завршување на пандемијата Ковид 19 во Република Северна Македонија.


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

### 4.3 Период на важност на понудата

Понудите треба да важат најмалку 30 дена од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите, за чие времетраење понудата со сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Понудата што важи за пократок период од предвидениот, договорниот орган ја отфрла како неприфатлива понуда. Доколку договорниот орган процени за потребно, може да побара од понудувачот продолжување на периодот на важност на понудата.

### 5. Начин на доставување на понудата

Економскиот оператор понудата електронски потпишана треба да ја достави на следната меил адреса: alekmishev@gmail.com, најдоцна пристигнати до 31.03.2020 година до 12:00 часот или доколку не поседува електронски потпис, понудата да ја достави до Архива на Министерство за локална самоуправа, адреса Булевар Св. Кирил и Методиј 54, Скопје, Република Северна Македонија, најдоцна до 31.03.2020 година до 12:00 часот.

Министерство за локална самоуправа / Ministria e vetëqeverisjes lokale
Бр.-Nr. 05-758/10
03-04 2020 год.-viti
Скопје-Shkup

# ЗАПИСНИК

## Од првиот состанок на Комисијата за отварање понуди за избор на фирма за набавка на монтажни контејнери за потребите на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“ (I фаза од проектот)

Состанокот се одржа во просториите на Проектот одржлив и инклузивен рамномерен развој -I фаза на спроведување. На состанокот учествуваа: Александар Мишев, Божин Ложаноски и Мирјана Македонска. Комисијата го предложи следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Разгледување на документацијата на добиените понуди.**
2. **Заклучоци од состанокот на комисијата за евалуација на понуди.**
3. **Разно.**

**Место на одржување:** Проектна канцеларија

**Дата на одржување:** 31.03.2020

Врз основа на спроведеното истражување на пазарот членовите на комисијата на 30.03.2020 се одлучи да се прати Барање за понуда за избор на фирма за набавка на монтажни контејнери до следните фирми:

- ДПТУ БРАКО ДОО - blagoj@brako.com.mk
- КЕН ПАНЕЛ МОНТИНГ: contact@kenpanel.mk, vlatko_serafimovski@hotmail.com
- Лапласт - arsovski.laplast@yahoo.com
- Прашалник ДОО- vladimir@prasalnik.com
- Уни пласт Струга - Kovaceskikiko@gmail.com

Понудата е делива и содржи дел 1 и дел 2.

На 31.03.2020 беа разгледани доставените понуди и прв заклучок е дека за Дел 1 се добиени понуди од 3 фирми и за дел 2 од 4 фирми. Во табелата во Прилог 1 се дадени детали од доставените понуди.

**Понуди доставени за Дел 1:**

- ДПТУ БРАКО ДОО
- КЕН ПАНЕЛ МОНТИНГ
- Прашалник ДОО

**Понуди доставени за Дел 2:**

- ДПТУ БРАКО ДОО
- Лапласт
- КЕН ПАНЕЛ МОНТИНГ

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа
Примено: 03.04.2020
Орг. един. | Број | Прилог | Вредност
05-758/10

- Прашалник ДОО

Фирмата Уни пласт Струга **не доставија понуда.**

На табелата во прилог 1 се наведени детални информации од дадените понуди.

Откако Комисијата ги разгледуваше документите се донесоа следните заклучоци:

**Лапласт** (понуда за дел 2) имаат најниска понуда од 1.900.000 денари **но во понудата не вклучуваат подна монтажно/ демонтажна конструкција**. Врз основа на скајп комуникацијата со Лапласт истите ни потврдија дека не се во можност да ја комплетираат целосно понудата односно да вклучат подна конструкција.

**Заклучок: понудата на оваа фирма не се разгледува понатаму затоа што не е комплетна.**

**Прашалник ДОО** (делумно понуда за дел 1 и делумно за дел 2) имаат многу висока понуда од **26.880.000 денари** која ја надминува предвидената сума за реализација на активноста. Земајќи ја предвид ситуацијата со КОВИД 19 дополнителен ризик е што контејнерите треба да се увезат. Во цената не е вклучено набавка на опрема за греење и ладење и демонтажа и транспорт до претходно утврдена локација. Преку скајп комуникација беше потврдено од претставниците од Прашалник дека понудената цена е финална.

**Заклучок: понудата на оваа фирма не се разгледува понатаму.**

Врз основа на разгледаните документи и доставените спецификации од **Кен Панел Монтинг** се заклучува дека нивната понуда во вкупна вредност од **14,034,300 денари** за дел 1 и дел 2 е не целосна. Во нивната понуда за дел 1 немаат вклучено набавка на опрема за греење и ладење и демонтажа и транспорт до претходно утврдена локација. Исто така во дел 2 немаат вклучено топли врски.

Врз основа на разгледаните документи и доставените спецификации од ДПТУ БРАКО ДОО се заклучува дека нивната понуда во вкупна вредност од **14,352,380 денари** за дел 1 и дел 2 е не целосна. Во нивната понуда за дел 1 немаат вклучено набавка на опрема за греење и ладење.

Земајќи ја во предвид ситуацијата со COVID 19 временскиот рок за достава е многу важен фактор за донесување на правилна одлука.

Поради тоа Комисијата одлучи да продожи со скјап комуникација со КЕН ПАНЕЛ МОНТИНГ и ДПТУ БРАКО ДОО со фокус на нивен предлог за динамика на испорака.

Врз основа на спроведените скајп состаноци со КЕН ПАНЕЛ МОНТИНГ И ДПТУ БРАКО ДОО предложени се следните динамики:

Динамика претставена од Кен Панел Монтинг добиена на е – мејл е следната:

1. Четврток 02.04.2020 година 4 контејнери за медицински персонал
2. Сабота 04.04.2020 година 2 Тоалети

3. Вторник 07.04.2020 година 1 контејнер за болничка соба

4. Четврток 09.04.2020 година 2 контејнери за болничка соба

5. Сабота 11.04.2020 година 2 тоалети

6. Недела 12.04.2020 година 2 контејнери за болничка соба

7. Вторник 14.04.2020 година 2 контејнери за болничка соба

8. Четврток 16.04.2020 2 контејнери за болничка соба

9. Сабота 18.04.2020 година 3 контејнери за болничка соба

10. Понеделник 20.04.2020 година 4 контејнери за болничка соба

11. Вторник 22.04.2020 година 2 ходници за поврзување на контејнери

12. Среда 23.04.2020 година 2 Тоалети

- НАПОМЕНА: Во динамиката не е вклучена изработка и монтажана топла врска

Динамика претставена од ДПТУ БРАКО ДОО добиена на мејл е следната:

1. Испорака и монтажа на топла конекција и ходници. Почетокот на испораката би започнал од 10ти ден од потпишување на договорот, со динамика од 6 контејнери дневно. Завршеток на испорака со монтажа завршена на 16ти ден.

2. Испорака и монтажа на монтажен објект - ВЦ со Туш кабини / тоалети. Испораката би се завршила на 16ти и 17ти ден од потпишување на договор

3. Испорака и монтажа на монтажен објект – канцеларии. Испораката и монтажата би била на 17тиот ден од потпишувањето

4. Испорака и монтажа на сместувачки болнички објект. Испораката би започнала од 17тиот до 20тиот ден и би се испорачувале по 4 соби секој ден. Монтажата би завршувала наредниот ден после испораката односно од 18ти до 21ви ден.

Врз основа на доставените динамики, Комисијата ги разгледа сите можни комбинации за да се овозможи во најкраток можен рок да се реализираат сите активности. За таа цел во оваа фаза беше предложена комбинација на вклучување на двете фирми согласно дадената динамика. При тоа беше направена предлог комбинација која истовремено би овозможило да работат и двете фирми паралелно и да ја завршат целата предвидна работа во рок од 14 дена, и финансиски да се балансираат колку што е можно вредностите.

Со цел да се провери изводливоста на оваа комбинација се иницира скајп состанок со двете фирми и беа донесени следните заклучоци:

ДПТУ БРАКО ДОО: Не се во можност сите болнички соби да ги направат за 14 дена бидејќи стартот на работата им одзема долго време а би завршиле се за 21 ден.

За климите немаат доставено понуда, само предлагаат како да се реши. Ходниците не се вклучени во цените на болничките соби туку се сметани во склоп на топлата врска. За таа цел беа дадени поединечни цени за секоја активности, и тоа за ходници (2,306,000.00) и посебно за топла врска (3,024,880.00).

Кен: За контејнерите за медицински персонал можат веднаш да ги набават бидејќи ги имаат на лагер. Топлата врска може да ја работат за минимум 20 дена после завршување на сите други работи однодно тоа би значело минимум 44 дена по склучување на договор.

Демонтажата и транспортот во друга локација би чинело доплнително, ќе ни пратат понуда на меил.

Врз основа на ова се донесоа повеќе заклучоци:

- за економските опертори ова не беше прифатливо од причина што за дел немаа доставено понуда а притоа score неможеше ни да се усогласат ни цените.

- Комбинирање на двете фирми не е ефикасно решение и не може да се постигне целта за побрза достава и монтирање на контејнерите туку напротив може да се зголеми рокот поради:

- потребната координација помеѓу двете фирми

- различнитетехнички карактеристики на производите

- разлики во однос на понудената цена

- Комисијата одлучи да продолжи со работа следниот ден.

**ЗАПИСНИКОТ ГО ВОДЕЛ**

Божин Ложаноски, Министерство за здравство

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА**

Александар Мишев, МЛС

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈА:**

Мирјана Македонска, СДЦ, член

Божин Ложаноски, Министерство за здравство, член

Бр. 05-758/11
03.04.2020 год.

# ЗАПИСНИК

**Од вториот состанок на Комисијата за отворање понуди понуда за избор на фирма за набавка на монтажни контејнери за потребите на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“ (I фаза од проектот)**

Состанокот се одржа во просториите на Проектот одржлив и инклузивен рамномерен развој -I фаза на спроведување. На состанокот учествуваа: Александар Мишев, Божин Ложаноски и Мирјана Македонска. Комисијата го предложи следниот

На 01.04.2020 се продолжи со разгледување на документацијата и барање на понуди за набавка на опрема за греење и ладење и демонтажа и транспорт на контејнерите до претходно утврдена локација.

За таа цел на денешниот состанок се спроведе Скајп и меил комуникација со фирмата Кен Панел Монтинг на кој се побара:

- да достават понуда за демонтажа и транспорт на монтажните контењери, бидејќи во понудата не е вклучена;
- се договори со фирмата да достават и решение и понуда за климатизација (топлење и греење).

Одговори од Кен Панел Монтинг :

Демонтажа, Транспорт и Монтажа на локација во Скопје КЕН ПАНЕЛ МОНТИНГ Inbox x

**Vlatko Serafimovski** Wed, Apr 1, 12:04 PM (23 hours ago)
to alekmishev@gmail.com, me

Почитувани,

1. Демонтажа на контејнери (3 парчиња = 1модул 7.2м x 6м, 1 парче тоалет, 1 парче медицински персонал, ходник 6 парчиња 36м x 2.4м) во Скопје државна болница чини 250 евра +18%ддв
2. Транспорт во Скопје чини 100 евра камион +18%ддв 1 тоалет = 1 парче, 1 модул 7.2м x 6м = 2.5 парчиња, 1 медицински персонал 1 парче, 1 ходник 36м x 2.4м = 6 парчиња
3. Монтажа контејнери (3 парчиња = 1 модул 7.2м x 6м, 1 парче тоалет, 1 парче медицински персонал, ходник 6 парчиња 36м x 2.4м) во Скопје државна болница чини 250 евра +18%ддв

Цените важат за објекти изработени од КЕН ПАНЕЛ МОНТИНГ

За дополнителни информации контактирајте не.

Со почит

VLATKO SERAFIMOVSKI
Sales manager
Ken Panel Montina Dooel

Греење - ладење КЕН ПАНЕЛ МОНТИНГ Inbox ×

**Vlatko Serafimovski**
to alekmishev@gmail.com, me

Wed, Apr 1, 12:34 PM (22 hours ago)

Почитувани,

Како што предложивме во тендерската документација и во маиловите испратени од Нас греењето и ладењето во контејнерите може да се реши со инвертер клими 3.5 kw.

1 клима инвертер 3.5 kw чини 500 евра + 18 % ддв.

За бројот на клими Вие одлучувате.

За дополнителни информации контактирајте не.

Со почит

VLATKO SERAFIMOVSKI

Заклучок од добиените одговори и одржаниот состанок на комисијата е:

- Понудата на Кен Панел Монтинг е поскапа во споредба со таа од Брако.
- Времето на испорака на Кен е над 44 дена а на ДПТУ Брако ДОО е 21 ден.
- Одлуката на комисијата е дека најповолна понуда со која треба да се склучи договор е ДПТУ Брако ДОО откако ќе одговорат на дополнителни прашања на дополнително скајп состанок дали демонтажата и транспортот ново-одредената локација е вклучена во понудената цена
- Конечна одлука ќе се донесе откако претставникот од Швајцарска амбасада добие позитивно мислење од централата на СДЦ откако ќе ја образложи целосно спроведената постапка

**ЗАПИСНИКОТ ГО ВОДЕЛ**

Божин Ложаноски, Министерство за здравство

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА**

Александар Мишев, МЛС

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈА:**

Мирјана Македонска, СДЦ, член

Божин Ложаноски, Министерство за здравство, член

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

| Примено: | 03.04.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 05-758/12 | | | |

Република Се...
Republika e M...
МИНИСТЕРСТВО ЗА ...
MINISTRIA E VETË...
Бр.-Nr. 05-758/12
03.04 20
Скоп...

**З А П И С Н И К**

**Од третиот состанок на Комисијата за отворање понуди за избор на фирма за набавка на монтажни контејнери за потребите на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“ (I фаза од проектот)**

Состанокот се одржа во просториите на Проектот одржлив и инклузивен рамномерен развој -I фаза на спроведување. На состанокот учествуваа: Александар Мишев, Божин Ложаноски и Мирјана Македонска. Комисијата го предложи следниот.

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Продолжување со разгледување на документацијата на добиените понуди.**
2. **Заклучоци од состанокот на комисијата за евалуација на понуди.**
3. **Разно.**

**Место на одржување:** Проектна канцеларија

**Дата на одржување:** 02.04.2020

На 02.04.2020 се продолжи со состанокот на комисијата за евалуација течеа **следните активности:**

Конечниот одговор од централата на СДЦ кои добија образложение за целосно спроведената постапка од страна на претставникот од Швајцарска амбасада беше позитивен и се препорача комисијата да продолжи со постапката.

Пред започнување на преговорите со фирмите се утврдија финалните понуди од двете фирми земајќи ги во предвид дополнително доставените понуди за демонтажа и транспорт на контејнерите до претходно утврдена локација и обезбедување на греење и ладење.

**Вкупната понуда од КЕН ПАНЕЛ МОНТИНГ (без вклучена демонтажа и транспорт до одредена локација и топла врска) е 15.305.900 денари.**

За понудата добиена преку мејл со електронски потпис за ДЕЛ 1– **14.034.400 МКД**

Дополнета понуда на барање на комисијата за ладење и греење:

41 клима од 31.5 KW - **1.271.500 МКД (единична цена 31.000 МКД)**

Понудата за демонтажа и транспорт не е целосна. Она што се доби на мејл е следното:

Демонтажа на контејнери (3 парциња = 1 модул 7.2 м x 6 м 1 парче тоалет, 1 парче медицински персонал, ходник 6 парчиња 36 м x2.4м) во Скопје државна болница чини 250

евра + 18% ДДВ. 2.Транспорт во Скопје чини 100 евра камион +18% ДДВ 1 тоалет = 1 парче, 1 парче модул 7.2м х 6м =2.5 парчиња, 1 медицински персонал 1 ходник 36м х 2.4м = 6 парчиња. 3. монтажа на контењери (3 парчиња = 1 модул 7.2 м х 6м, 1 парче тоалет, 1 парче медицински персонал, ходник 6 парчиња 36м х 2.4м) во Скопје државна болница чини 250 евра +18%ДДВ.

**Време на достава: 44 дена (24 дена за котејнери и над 20 дена за топла врска)**

**Вкупната понуда од ДПТУ БРАКО ДОО изнесува 15.146.380,00 денари.**

За понудата преку мејл со електронски потпис добиена за ДЕЛ 1 и ДЕЛ 2 – **14.352.380 денари.**

По барање на Комисијата, од страна на економскиот оператор извршено е дополнување на понуда за потребите од климатизација:ладење и греење:

доставено е како предлог 41 клима од 3.5 KW - во износ од **794.000,00 денари.**

Демонтажа и транспорт на 26 модули е вклучено во понудата цената.

**Како конечно време на достава е 21 ден.**

Од КЕН ПАНЕЛ МОНТИНГ преку е-маил комуникација се побара дали неговата понуда конечна.

Врз основа на погоре направената споредба и земајќи во предвид дека понудата КЕН ПАНЕЛ МОНТИНГ е конечна по нивната официјална потврда на мејл, Комисијата едногласно одлучи да се продолжи со преговори со ДПТУ БРАКО ДОО како најповолна понуда.

Преку скајп состанок со ДПТУ БРАКО ДОО и е-маил комуникација се дојде до следните заклучоци:

- Демонтажа, транспорт на нова локација во Скопје е вклучено во понудата на ДПТУ БРАКО ДОО
- Доставена писмено дополнителна понуда за климите и решение за истите во висина на износот од 794.000,00 денари.
- Согласно критериумите и условите предвидени во тендерската документација, по преговарањето со економскиот оператор ДПТУ БРАКО ДОО **прифати вкупната цена за реализација на јавната набавка во износ од 15.146.380,00 денари да ја намали на 14.473.576 денари со тоа што ќе се намали бројот на сплит системи на 21 (дваесет и една) од кои 16 (шеснаесет) клима уреди - сплит систем од 5.5 KW за 16-те болнички соби и 4 (четири) клима уреди -**

**сплит системи 3.5.KW за 4-те канцеларии предвидени за медицински персонал).**

- Се потврди дека целосната испорака и монтажа со ставање во **употреба ќе се реализира за 18 календарски денови.**
- Потврдија на писмено преку е мејл дека нивната понуда е финална.
- Се обезбеди комплетна документација согласно член 88 од ЗЈН, односно дека не постои причина за исклучување од постапката.

**Заклучок:**

Согласно приложените понуди од економските оператори и критериумот за избор најниска цена се врши Предлог за избор на најповолна конечна понуда од страна на комисијата за што е прифатена понудата на економскиот оператор ДПТУ БРАКО ДОО.

**ЗАПИСНИКОТ ГО ВОДЕЛ**

Божин Ложаноски, Министерство за здравство

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА**

Александар Мишев, МЛС

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈА:**

Мирјана Македонска, СДЦ, член

Божин Ложаноски, Министерство за здравство, член

**ПРИЛОГ**
**ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА**

Согласно одлуките на Влада на Република Северна Македонија за мерки и препораки за заштита и превенција од Коронавирус COVID-19, а поради зголемување на бројот на заболени лица се јавува потреба од предвидување на нови болнички капацитети за згрижување на заболените лица. Министерството за локална самоуправа има потреба од набавка – прибирање на понуди за монтажни објекти – контејнери, кои ќе се поставуваат во непосредна близина на ЈЗУ Универзитеска клиника за Инфективни болести и фебрилни состојби при Универзитетскиот Клинички комплекс „Мајка Тереза“ во Скопје. За таа цел, планирана е лесна, брза и монтажна изградба на медицински капацитети – болничко сместување со просторија за медицински персонал и згрижување со медицински третман на заболени лица од Коронавирус COVID-19.
Локацијата на која е предвидено поставување на модулите за монтажен објект - контејнери, претходно подлогата е поставено шљунак и нивелирана со тампон.
На локацијата е обезбеден приклучок на водоводна и канализациона мрежа и приклучок кон електро дистрибутивната мрежа заради потребите од снабдување со електрична енергија.
Со поставувањето на модуларните монтажни објекти – контејнери се предвидува да се добие обезбеден простор за:

- (канцелариски) – за потребите на медицински персонал;
- сместувачки капацитет – болнички кревети;
- тоалети со туш кабини;

Понудувачот е должен со својата понуда, да достави минимум 3 (три) видови начини на поставување и организирање на просторот во кој ќе бидат опфатени барањата, околу организација на просторниот концеп а според можностите и карактеристиките на употребените материјали согласно спецификациите.
Во прилог се дадени: графички цртеж со просторно решение и диспозиција на модулите. – во секој дел да се даде кој прилог на кое барање се однесува, на пример Прилог 1.1., 1.2., 1.3, 2.1. (Прилозите се прикачени во прилог на мејлот).


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

**Технички карактеристики:**
**ДЕЛ 1.**

1. **Изработка, транспорт и монтажа на монтажен објект** – (сместувачки-болнички) – димензии: должина 6000 мм – ширина 7200 мм и висина 2600 мм (надворешна димензија) или „еквивалентно". Прилог 1.1. (Прилозите се прикачени во прилог на мејлот).

**Контејнерите да бидат опремени со:**

- **Кровна конструкција** (двоводен кров) ±100мм
  - Кровни ребрасти панели (PUR) панели 40мм дебелина на пластифициран лим внатрешно 0,4мм надворешно 0,4мм, тежина на полиуретанот 41 кг/м3, топлинска спроводливост 0,43 U(W/m2K) RAL 9002/9002
  - Олуци
- **1 ПВЦ** - врата со праг 1050 мм – 2050мм исполна панел „саќе"
- **2 ПВЦ** – двокрилни со термопан стакло 4x16x4 (хоризонтални и вертикални) 1400мм-1400мм
- **Изработени од еколошки ѕидни ПАНЕЛИ (PUR)** 40mm кои заштедуваат топлинска енергија и имаат звучна изолација, обложени со внатрешно "лице" и надворешно фасадно "лице". Дебелина на пластифициран лим внатрешно 0,4мм надворешно 0,4мм, тежина на полиуретанот 41 кг/м3, топлинска спроводливост 0,43 U(W/m2K) RAL 9002/9002
- **Под**
  - Челична конструкција 100 мм x 40 мм x 3 мм; 100 мм x 20 мм x 3 мм; 80 мм x 50 мм x 3 мм; 50 мм-4 0мм-3мм
  - Цементни (Betonyp) табли 20мм
  - ПВЦ под
- **Комплетна инсталација**
  - 6 Неонски осветлувања 1 x 18w
  - 1 Прекинувач
  - 6 Монофазни надградни приклучоци
  - 1 Монофазен надграден приклочок - клима
  - Разводна ПВЦ табла за монтажа на ѕид со минимуим 3 автоматски осигурачи
  - Доводна IP табла
- **Конструкција:** Челично железо антикорозивно епоксидно премачкан со 4 слоја боја, конструктивен S 235JR или „еквивалент", согласно МКС EN 10025-2:2009
  - Дебелина на челичната конструкција за целиот монтажен објект 3мм

| Ред. Бр. | ОПИС | Единечна цена (денари) | Количина | Вкупно (денари) | 18% ДДВ (денари) | Вкупно (денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Монтажен објект-Сместувачки-болнички | | | | | |

Време на изработување, транспорт и монтажа:
Гарантен период за монтажните којтејнери и опремата:

2. **Изработка, транспорт и монтажа на монтажен објект** – (канцеларии за медицински персонал) со димензии: должина 6000 мм – ширина 2400 мм и висина 2550 мм (надворешна димензија) или „еквивалентно“. Прилог 1.2. (Прилозите се прикачени во прилог на мејлот).

**Контејнерите да бидат опремени со:**

- Кровна конструкција (рамен кров) – или во зависност од модуларната поставеност
  - **Кровни ребрасти панели** (PUR) панели 40мм дебелина на пластифициран лим внатрешно 0,4мм надворешно 0,4мм, тежина на полиуретанот 41 кг/м3, топлинска спроводливост 0,43 U(W/m2K) RAL 9002/9002
- 1 ПВЦ - врата со праг 850мм – 2050мм исполна панел „саќе“
- 2 ПВЦ - еднокрилни прозори со термопан стакло 4x16x4 (хоризонтални и вертикални) 800мм - 1400мм
- Изработени од еколошки ѕидни ПАНЕЛИ (PUR) 40mm кои заштедуваат топлинска енергија и имаат звучна изолација, обложени со внатрешно "лице" и надворешно фасадно "лице". Дебелина на пластифициран лим внатрешно 0,4мм надворешно 0,4мм, тежина на полиуретанот 41 кг/м3, топлинска спроводливост 0,43 U(W/m2K) RAL 9002/9002
- **Под**
  - Челична конструкција 100мм x 40мм x 3мм; 100мм x 20мм x 3мм; 80мм x 50мм x 3мм; 50мм-40мм-3мм
  - Цементни (Betonyp) табли 20мм
  - ПВЦ под
- Комплетна инсталација
  - 2 Неонски осветлувања 1 x 18w
  - 1 Прекинувач
  - 3 Монофазни надградни приклучоци
  - 1 Монофазен надграден приклочок - клима
  - Разводна ПВЦ табла за монтажа на ѕид со минимуим 3 автоматски осигурачи
  - Доводна IP табла
- **Конструкција:** Челично железо антикорозивно епоксидно премачкан со 4 слоја боја, конструктивен S 235JR или еквивалент, согласно МКС EN 10025-2:2009
  - Дебелина на челичната конструкција за целиот монтажен објект 3мм

| Ред. Бр. | ОПИС | Единечна цена (денари) | Кол ичина | Вкупно (денари) | 18% ДДВ (денари) | Вкупно (денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Монтажен објект - канцелари | | | | | |

Време на изработување, транспорт и монтажа:
Гарантен период за монтажните којнтејнери и опремата:

3. **Изработка, транспорт и монтажа на монтажен објект** – (веце со туш кабини - тоалети) со димензии: должина 6000 мм – ширина 2400 мм и висина 2550 мм (надворешна димензија) или „еквивалентно“. Прилог 1.3. (Прилозите се прикачени во прилог на мејлот).

**Контејнерите да бидат опремени со:**

- Кровна конструкција (рамен кров) или во зависност од модуларната поставеност
  - **Кровни ребрасти панели** (PUR) панели 40мм дебелина на пластифициран лим внатрешно 0,4мм надворешно 0,4мм, тежина на полиуретанот 41 кг/м3, топлинска спроводливост 0,43 U(W/m2K) RAL 9002/9002
- 1 ПВЦ - влезна врата со праг 850мм – 2050мм исполна панел „саќе“
- 5 ПВЦ - врати со праг 700м-2050мм исполна панел „саќе“;
- 1 ПВЦ - еднокрилен прозор со термопан стакло 4x16x4 (хоризонтални и вертикални) 800мм-1000мм
- Изработени од еколошки ѕидни ПАНЕЛИ (PUR) 40mm кои заштедуваат топлинска енергија и имаат звучна изолација, обложени со внатрешно "лице" и надворешно фасадно "лице". Дебелина на пластифициран лим внатрешно 0,4мм надворешно 0,4мм, тежина на полиуретанот 41 кг/м3, топлинска спроводливост 0,43 U(W/m2K) RAL 9002/9002
- Внатрешни кабини сендвич панел PUR ѕид 40мм
- Под
  - Челична конструкција 100мм x 40мм x 3мм; 100мм x 20мм x 3мм; 80мм x 50мм x 3мм; 50мм-40мм-3мм
  - Цементни (Betonyp) табли 20мм
  - ПВЦ под
- Комплетна инсталација
  - 3 Неонски осветлувања 1 x 18w
  - 1 Прекинувач
  - 2 Монофазни надградни приклучоци
  - Разводна ПВЦ табла за монтажа на ѕид со минимуим 3 автоматски осигурачи
  - Доводна IP табла
- Тоалет (5 кабини)
  - 2 Вц- школки со ниско носечко казанче
  - 3 Мијалници
  - 3 Батериски чешми
  - Довод, одвод, ПВЦ цевки
- **Конструкција:** Челично железо антикорозивно епоксидно премачкан со 4 слоја боја, конструктивен S 235JR или еквивалент, согласно МКС EN 10025-2:2009
  - Дебелина на челичната конструкција за целиот монтажен објект 3мм


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

| Ред. Бр. | ОПИС | Единечна цена (денари) | Кол ичина на | Вкупно (денари) | 18% ДДВ (денари) | Вкупно (денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Монтажен објект- веце со туш кабини - тоалети | | | | | |

Време на изработување, транспорт и монтажа:
Гарантен период за монтажните којнтејнери и опремата:

При изготвување на понудата да се земат во предвид модуларниот концепт на поставување на монтажните објекти – контејњери, согласно поставеноста да се обезбеди и коридор за комуникација (топла врска) помеѓу двете целинни со Клиниката за Инфективни болести.

При изработката, да се употребат материјали кои не се абразивни и кои се отпорни и лесни за одржување, а заради специфичноста на планираната намена. Истите да се решаваат на начин така што нема дополнително да ја загрозуваат безбедноста на корисниците и истите ке бидат лесно достапни, проодни без посебни препреки, бариери и сл. при постојаната комуникација во внатрешноста на просториите.

При доставување на понуда, да се земе во предвид е потрено да се оформи целосно затворен простор за комуникација и приложи и технички цртеж со решение за можната распределба на модулите при оформување на концептот предвиден согласно намената – болнички простории со сместувачки капацитети, простории за медицински персонал и тоалет со веце и туш кабини, заедно поврзани со коридор за топла врска со постојната клиника.

Понудувачот, во својата понуда, да предложи и соодветно решение со набавка, транспорт и монтажа за обезбедување на потребите од:

- климатизација: ладење и греење на просториите;
- топла вода во санитариите;
- приклучок до предвиденото место за инсталациите.

Понудувачот, да приложи образложение за:

- начинот на изработка, транспорт и монтажа на монтажните контејнер, како и
- начинот за демонтажа, транспорт на друга локација во зависност од потребите.

**ДЕЛ 2.** Понудувачот, да изработи и понуди техничко решение за начинот на поврзување на објектите – (оформени од модуларни монтажни – контејнери) – **„топла врска“** со следните димензии **240цм/6010цм** и **330цм/5010цм** за поврзување на контејнерите и полската болница со објектот на ЈЗУ УК за Инфективни и фебрилни состојби, како и **ходник 240цм / 3600цм – две парчиња** , за меѓусебно поврзување на контејнерите, топлата врска треба да биде изработена како монтажно демонтажен тип кој ќе обезбеди затварање од сите страни , со можност за проветрување , во понудата да се вклучи и подна монатжно/демонтажна конструкција, со комплет спецификација на вградени материјали и сертификати, како и вредност на понудата. Прилог 2.1. (Прилозите се прикачени во прилог на мејлот).

| Ред. Бр. | ОПИС | Единечна цена (денари) | Количина | Вкупно (денари) | 18% ДДВ (денари) | Вкупно (денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Монтажен објект – за поврзување со „топла " | | | | | |

Време на изработување, транспорт и монтажа:
Гарантен период за монтажните којнтејнери и опремата:

*Економскиот оператор може да учествува на двата делови од постапката за јавна набавка, со тоа што дел еден може да биде поделен на составни делови помеѓу повеќе економски оператори.


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа
Бр. 05-758/15
05.04 2020 год.
Скопје-Shkup

Врз основа на член 111 став 4 и член 114 став 1 алинеја 5 од Законот за јавни набавки ( Службен Весник на РМ бр. 24/2019 ), а во врска со одлуката за јавна набавка на монтажни контејнери опрема за потребите на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој" (I фаза од проектот) со постапка со преговарање без објавување оглас од причини од крајна итност бр. 05-758/1 од 30.03.2020, Министерот за локална самоуправа, **донесе**

## О Д Л У К А
## За поништување на постапката

1. По спроведената постапка за јавна набавка на монтажни контејнери опрема за потребите на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој" (I фаза од проектот) со постапка со преговарање без објавување оглас од причини од крајна итност истата се поништува поради тоа што тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци. Понудата на понудувачот ДПТУ БРАКО ДОО увоз – извоз Велес во износ од 14.473.567,00 БЕЗ ДДВ добиена како конечна понуда по завршување на преговорите од страна на Комисијата на 02.04.2020 година се смета за неважечка поради тоа што е поднесена по истекот на рокот за поднесување понуди.
2. Комисијата да постапи согласно член 114 став 3 и 4 од Законот за јавни набавки .
3. Одлуката стапува во сила со нејзиното донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата во тендерската документација, записникот и извештајот од спроведената постапка го утврди конечниот приказ на фактичката состојба и понудените цени за предметот на набавката, достави предлог за избор на најповолна понуда врз основа на критериумите содржани во постапката за монтажни контејнери опрема за потребите на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој" (I фаза од проектот) во постапка со преговарање без објавување оглас од причини од крајна итност.

Одговорното лице на институцијата по увидот во целокупната документација и тоа Тендерската документација, понудите, електронската комуникација, записникот и Извештајот од спроведената постапка увиде дека се сторени битни пропусти и недостатоци и дека предлогот на комисијата е изготвен спротивно на одредбите на Законот за јавни набавки.

Имено, понудата за која што е доставен предлогот за избор на најповолна понуда односно понудата на ДПТУ БРАКО ДОО увоз – извоз Велес во износ од 14.473.567,00 БЕЗ ДДВ добиена како конечна понуда по завршување на преговорите од страна на Комисијата на 02.04.2020 година се смета за неважечка поради тоа што е поднесена по истекот на рокот за поднесување понуди. Понудата е добиена по утврдениот рок за доставување на понудите 12:00:00. Понудата е испратена во 12:00:46 што според работењето на Електронскиот систем на јавни набавки (ЕСЈН), понудите кои што се поднесуваат при таков рок, како последен се зема во предвид 11:59:59. Во членот 55 од овој закон, член по кој е спроведена постапка, нема одредби за можноста од отстапување на роковите за поднесување на понуда.

Воедно, тендерската документација и техничката спецификација се изработени спротивно на членот 81 и 82 од Законот за јавни набавки. Односно, на економските оператори не им биле обезбедени целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

спроведување на јавната набавка. Предметот на набавката не бил опишан на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин кој можел да обезбеди споредливост на понудите во поглед на условите и барањата утврдени од договорниот орган, за што и биле потребни повеќе кругови на преговарање со цел утврдување на точноста на понудите, за што и никој од економските оператори нема првично поднесена целосна понуда согласно техничката спецификација, туку било потребно комисијата да ургира за надополнување на понудите. Ваквата техничка спецификација ја довело комисијата да постапи спротивно на член 109 став 2 од Законот за јавните набавки каде што при проверка на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способност на понудувачите и при евалуација на понудите, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација, а не како во случајот дополнување на понудите со додатни елементи како што е вклучување на демонтажа, климатизација итн. за што се создава сомнеж дека во ваквиот случај може да довело до создавање предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или дополнување. Согласно член 109 став 4 од Законот за јавните набавки никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправка на аритметички грешки, не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат од страна на комисијата или од понудувачот. Согласно член 109 став 7 од Законот за јавни набавки, евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација. Согласно член 109 став 10 од Законот за јавните набавки, при евалуација на понудите кај постапките со преговарање, комисијата соодветно ги применува одредбите од членот 109, за што не е така во овој случај. Исто така во Тендерската документација не е јасно определено демонтирањето и транспортот на предметот на јавната набавка по завршувањето на употребата до планските региони во РСМ. Овој дел од постапката е нејасен каде точно треба да се дислоцираат објектите со што економските оператори ги доведува во заблуда каде треба да се дислоцираат. Со што сето ова ја доведува во прашање комплетноста на спроведувањето на целокупната јавна набавка.
Согласно горенаведеното сторени се битни пропусти согласно член 141 став 1 точка 3 и 6 од Законот за јавни набавки, одговорното лице одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука: Незадоволниот учесник од изборот на најповолната понуда, согласно член 145 од Закон за јавните набавки (Службен Весник на РМ бр. 24/2019) може да изјави жалба. Жалбата се доставува согласно член 142 од Законот за јавните набавки.

Одлуката да се достави до:
- Понудувачите
- Архива

**Министерство за локална самоуправа**
**Одговорно лице**
**м-р Горан Милевски**


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

Влада на Република Северна Македонија
Бр. 4401-17/36

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 6 април 2020 година**

## Точка 9

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 10

**1.** По повод укажувањето на Горан Милевски, министер за локална самоуправа, во врска со Заклучокот од точка 16 од Триесеттата седница на Владата, одржана на 27 март 2020 година, по Информацијата во врска со можностите на Министерството за локална самоуправа за учество на конкретни активности согласно планот на Министерството за здравство за справување со состојбата од настанатата епидемија, Владата заклучи истиот да се измени во насока:

- За делот од швајцарските средства од Проектот „Одржлив инклузивен рамномерен регионален развој" кој се имплементира заедно со Министерството за локална самоуправа во висина од 260.000 CHF, се задолжува Министерството за локална самоуправа да ги пренамени овие средства во Буџетот на Министерството за здравство, а Министерството за здравство да ја спроведе постапката преку формирање на соодветна комисија.

По завршување на состојбата со Пандемијата и употребата на монтажните контејнери и останатите реквизити, да се вратат на Министерството за локална самоуправа.

**2.** Владата го

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
MINISTRIA E SHËNDETËSISË
Бр.-Nr. 17-3145/1
10.04. 2020 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
MINISTRIA E VETËQEVERISJES LOKALE
Бр.-Nr. 02-991/1
09.04 2020 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на Извадокот од Нацрт-записникот на Триесет и шестата седница на Влада на Република Северна Македонија одржана на 6 април 2020 година и врз основа на Договорот број. 02-2413/1 од 20.12.2017 и Анексите кон истиот склучени помеѓу Владата на Република Македонија претставувана од Министерството за локална самоуправа и Владата на Швајцарската Конфедерација претставувана од Федералниот департмент за надворешни работи дејствувајќи преку Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/ Швајцарска агенција за развој и соработка, се склучува:

# ДОГОВОР

## за трансфер на парични средстава

Склучен на ден 08.04.2020 помеѓу:

1. **Министерството за локална самоуправа,** со ЕДБ 4030998357323, со седиште на бул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје, претставувано од министерот м-р Горан Милевски (во понатамошниот текст: МЛС) од една страна,

и

2. **Министерството за здравство,** со ЕДБ 4030990253804, со седиште на ул. „50-та Дивизија бр. 15", Скопје, претставувано од министерот за здравство Венко Филипче (во понатамошниот текст: МЗ), од друга страна.

Член 1

Врз основа на Извадокот од Нацрт-записникот на Триесет и шестата седница на Влада на Република Северна Македонија одржана на 6 април 2020 година се врши трансфер на средства од сметка на Министерство за Локална Самоуправа - ОДРЖЛИВ И ИНКЛУЗИВЕН РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ 1 ФАЗА НА СПРОВЕДУВАЊЕ, Сметка 1910115210785Б8, Приходно конто 742115, Потпрограма ОА, во износ од **14.473.576,00 без ДДВ** на сметка на Министерство за здравство, Банка на примач: НБРСМ, Сметка бр: 100000000063095, Сметка на Буџетски корисник: 1900100434785К2, Приходна шифра:744311, Програма: 10, **кои се дел од Грантовата шема за инвестициски проекти од областа на социјалната инклузија предвидени во рамките на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој".**

Средствата наведени во став (1) од овој член ќе бидат искористени за набавка на **монтажни контејнери – мобилна болница, кои ќе служат за потребите на Министерството за здравство заради справување со вирусот Ковид 19.**

Член 2

Средствата кои се предмет на овој Договор се обезбедни преку Договорот број. 02-2413/1 од 20.12.2017 и Анексите кон истиот склучени помеѓу Владата на Република Македонија претставувана од Министерството за локална самоуправа и Владата на Швајцарската Конфедерација претставувана од Федералниот департмент за надворешни работи дејствувајќи преку Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/ Швајцарска агенција за развој и соработка.

Член 3

Министерството за здравство, по спроведената посапка за јавна набавка и склучување на Договорот, е должно да ја информира Владата на Република Северна Македонија, како и по целосното фактичко и финансиско реализирање на Договорот.

Министерството за здравство ќе дозволи и обезбеди увид на целокупната документација во оригинална форма во било кое време за потребите на ревизорската куќа ангажирана од страна на Швајцарската агенција за соработка и развој.

Член 4

Министерството за здравство ќе го следи имплементирањето на Договорот со сопствени стручни капацитети согласно позитивната законска регулатива на Република Северна Македонија.

Министерството за здравство ќе ја следи и финансиска реализација на договорот за јавна набавка и целокупната финансиска документација во оригинал ќе ја достави на увид на ревизорската куќа ангажирана од страна на Швајцарската агенција за соработка и развој.

Член 5

По престанување на потребата на Министерството за Здравство за надминување на состојбата со Ковид 19 во Република Северна Македонија, сопственоста на предметот на набавката ќе биде регулиран согласно Извадокот од Нацрт-записникот на Триесет и шестата седница на Влада на Република Северна Македонија одржана на 6 април 2020 година, а за истото до Владата на Република Северна Македонија ќе се достави Информација во која ќе се утврдат актуелните потреби на сите страни вклучително и донаторот, а во согласност со позитивната законска регулатива на Република Северна Македонија.

Член 6

Во случај на спор ќе одлучува надлежниот суд.

За се останато што не е регулирано со овој договор важат одредбите од Законот за облигационите односи.

Член 7

Договорот е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

Скопје, април 2020 година

| | |
|---|---|
| **ЗА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**<br>**Министер,**<br>**м-р Горан Милевски** | **ЗА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**<br>**Министер,**<br>**Венко Филипче** |